Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1215/5
18.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2026 година

## I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### Општа цел

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност.

### Специфични цели

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита;

2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнатален и во доенечкиот период, со фокус на ранливите категории на жени (жени ромки, жени од руралните подрачја и лица без идентификација);

3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите категории жени;

4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;

5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата и

6. Обезбедување навремен и ран пристап на секоја бремена жена до квалитетна антенатална здравствена заштита (отстранување на сите видови на географски, финаниски и културолошки бариери особено кај ранливите групи).

## II. ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:51 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Индикатори на успешност на спроведување на оваа програма се:

- намален морбидитет на новороденчиња,
- намалена перинатална смртност,
- намалена доенечка смртност,
- намален морбидитет на мајки,
- намалена матернална смртност И
- намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

## III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:

- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени – жени кои останале без здравствено осигурување и лица без документ за идентификација;
- бесплатни прегледи за жени кои претпреле сексуално насилство;
- медикаментозен абортус;
- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени од социјално-ранливи категории со репетитивни абортуси и
- месечна стимулација во времетраење од 12 месеци за избран лекар гинеколог во Општина Шуто Оризари, с. Долно Палчиште Општина Боговиње и с.Слупчане Општина Липково.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување преку едукација на населението и промотивни активности:

- промоција на светската недела на доење.

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:

- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2025 година;
- ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување;

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:

- неонатален скрининг за конгенитална хипотиреоза за сите новородени деца;
- неонатален скрининг за цистична фиброза за сите новородени деца;
- неонатален скрининг за фенилкетонурија за сите новородени деца;
- неонатален селективен скрининг за вродени грешки во метаболизмот;
- пилот скрининг за спинална мускулна атрофија и
- пилот скрининг за прееклампсија во антинатален период во бременоста во прв триместар.

5. Активности за собирање, обработка и анализа на индикаторите за перинаталнто здравје на мајката и новороденчето:

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:51 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

- собирање на индикаторите од сите родилишта во Република Северна Македонија, групирање, обработка и анализа и
- обуки за здравствени работници во перинатална грижа.

6. Воспоставување на систем за преглед на морталитет и компликации на мајките со цел безбедна бременост преку спроведување, евалуација и постапување по препораките од упатството на Светска здравствена организација :
   - ажурирање на националните единици/ентитети (списокот на болници и соодветните известувачи) и
   - обуки за внесување на резултатите од системот за преглед на морталитет и компликации кај мајките.

7. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница
   - одржување на Работилница за креирање на активностите на оваа програма со сите чинители и потенцијални партнери.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Процесот на следење, оценување и известување ќе се спроведува согласно насоките во Упатството за процедури и постапки за планирање, подготвување, реализација на програмите за здравствена заштита, како и постапки за реализирање на финансиските средства до извршителите на активностите од програмите финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, на квартално ниво.

## V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се: Министерство за здравство, Управа за електронско здравство, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, Клиничка болница Тетово, Општа болница Куманово, Здравствен дом Скопје, ПЗУ Натал Медика с. Слупчане Липково, ПЗУ Др.Хана с. Палчиште Боговиње, ПЗУ Мајка Б&М, Шуто Оризари, Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза "- Скопје, ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје, Медицински факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј" – Скопје Центар за семејна медицина и јавните здравствени установи во Република Северна Македонија кои се наведени во табелата 1.

## VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА РАСПРЕДЕЛЕНИ ПО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство квартално, врз основа на реализирани активности по доставени фактури и извештаи содржани во оваа програма, од страна на извршителите, согласно утврдениот годишен план за работа (табела 1), со финансиски средства распределени по мерки/активности од оваа програма.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:51 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма

| *Активности* | *Извршител* | *Количина* | *Цена (денари)* | *Вкупно (денари)* |
|---|---|---|---|---|
| Неонатален скрининг за конгенитална хипотиреоза за сите новородени деца | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 16.000 | 140,00 | 2.240.000,00 |
| Неонатален скрининг за цистична фиброза за сите новородени деца | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 16.000 | 170,00 | 2.720.000,00 |
| Неонатален скрининг за фенилкетонурија за сите новородени деца | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 16.000 | 100,00 | 1.600.000,00 |
| Неонатален селективен скрининг за вродени грешки во метаболизмот | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 6.000 | 600,00 | 3.600.000,00 |
| Пилот скрининг за спинална мускулна атрофија | Универзитетска клиника за детски болести – Скопје | 6000 | 500,00 | 3.000,000,00 |
| Пилот скрининг за прееклампсија во антинатален период во бременоста | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје | 1.000 | 1.100,00 | 1.100.000,00 |
| Медикаментозен абортус за најранлива категорија на жени | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза " -Скопје и јавните здравствени установи и двете мобилни клиники | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |
| Набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клинички болници, Општи болници и | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.02.2026 00:51

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| категории и жени со репетитивни абортуси | Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ - Скопје и Медицински Факултет Скопје Центар за семејна медицина | | | |
| Обуки за здравствени работници во перинатална грижа | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, МЛД | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Обуки за внесување на резултатите од системот за преглед на морталитет и компликации на мајките | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, МЛД | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Стимулација во времетраење од 12 месеци за избран лекар гинеколог во Општина Шуто Оризари | Приватна Здравствена Установа Мајка Б&М Кофинансирана од Министерство за здравство | 12 | 15.000,00 | 180.000,00 |
| Стимулација во времетраење од 12 месеци за избран лекар гинеколог во Општина Липково | Приватна Здравствена Установа ПЗУ Натал Медика Кофинансирана од Министерство за здравство | 12 | 15.000,00 | 180.000,00 |
| Стимулација во времетраење од 12 месеци за избран лекар гинеколог во Општина Боговиње | Приватна Здравствена Установа Др.Хана Кофинансирана од Министерство за здравство | 12 | 15.000,00 | 180.000,00 |
| Бесплатни прегледи за жени кои претпреле сексуално насилство, родово базирано насилство и семејно насилство | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово | 3 | 100.000,00 | 300.000,00 |
| Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во | Јавни здравствени установи | 1 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.02.2026 00:51
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за жени кои останале без основ на здравствено осигурување и лица без документ за идентификција | | | | |
| Недела на доење | Институт за Јавно Здравје | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2025 година | Здравствен дом Скопје | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување за 2025 година | Министерство за здравство | 1 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година | | | | 17.000.000,00 |
| Вкупно | | | | 17.000.000,00 |

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.02.2026 00:51

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Подготвил: Љубомир Кукоски, 16.02.2026
Проверил: Никола Пасков, 17.02.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 17.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 18.02.2026

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.02.18 12:12:32 +01:00

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.18 11:24:57 +01:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:51 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=c268db70-152f-4420-acda-7b549eb6a1f4&materialId=037b2177-091c-4e65-8d9a-04f170d5dd8e** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*